# ЊУЈОРК УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Високо квалитетно образование / Меѓународен карактер / Динамичност / Американски стил на образование / Европски студиски програми

Врз основа на член 101 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр. 64/2000 *со изм.*), и член 21 од Статутот на Универзитетот, Универзитетскиот Академски Совет објавува

## КОНКУРС
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА И ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ НА ЊУЈОРК УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ВО АКАДЕМСКАТА 2007/2008 ГОДИНА

### *I. Број на студенти*

1. На факултетите на Њујорк Универзитет Скопје, во прва година на додипломски студии, во учебната 2007/2008 година ќе се запишат следниот број на студенти:

<table>
<tr><th rowspan="2">Факултет</th><th rowspan="2">Вкупен број на студенти</th><th colspan="2">Надоместок по предмет (6 ЕКТС)</th></tr>
<tr><th>настава на англиски јазик</th><th>настава на македонски јазик</th></tr>
<tr><td>Факултет за бизнис администрација<br>- Сметководство и финансиско работење<br>- Менаџмент<br>- Маркетинг<br>- Меѓународен бизнис<br>- Економија</td><td>80</td><td>384 ЕУР</td><td>344 ЕУР</td></tr>
<tr><td>Факултет за меѓународни односи, политика и европски студии<br>- Меѓународни односи<br>- Политички науки<br>- Европски студии</td><td>30</td><td colspan="2" rowspan="5">*Цената на годишната школарината зависи од бројот на предмети (кредити) што студентот ќе ги земе во годината<br>*Цената ги вклучува СИТЕ трошоци на студирањето (испити, потврди, транскрипти и др.)<br>*Можности за плаќање на рати<br>*Попусти при плаќање однапред<br>*Екстензивни програми за стипендии и финансирање<br>*Еден 6-кредитен предмет (ЕКТС) е еквивалентен на 3 АКТС</td></tr>
<tr><td>Факултет за компјутерски науки и информатички технологии<br>- Компјутерски науки<br>- Информатички системи</td><td>60</td></tr>
<tr><td>Факултет за комуникации и медиуми<br>- Корпоративни комуникации, односи со јавноста и рекламирање<br>- Новинарство и емитување</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Факултет за англиски јазик и литература</td><td>30</td></tr>
<tr><td>За прв пат:<br>Правен факултет за деловно право</td><td>80</td></tr>
</table>

### *II. Услови на студирање*

1. Њујорк Универзитет Скопје е акредитирана приватна високообразовна установа (Одлука на Одборот за акредитација на високото образование од 22.06.2005 г.) чија цел е да им овозможи на младите луѓе нови можности за стекување на врвно образование со меѓународен квалитет во соработка со најдобрите Американски и Европски универзитети.
2. Прв универзитет во Република Македонија на кој наставата целосно се изведува на англиски јазик по наставни програми и литература прифатена на врвните светски универзитети. Единствен универзитет кои овие програми ги нуди и на македонски јазик со можност за префрлање на настава на англиски јазик во текот на студиите.
3. Студиски програми организирани според Болоњската декларација (3+1+1 и 3+2), и усогласени со Европскиот (ЕКТС) и со Американскиот (АКТС) кредит трансфер систем, кои нудат единствена можност студентите да ги продолжат или да поминат дел од студиите на Американски и Европски универзитети.
4. Петнаесет (15) неделен есенски и пролетен семестар. Можности за побрзо дипломирање преку следење на дополнителен летен семестар.
5. Континуиран систем на оценување кој завршува со испитите на крајот на секој семестар.
6. Еминентни странски и домашни професори и визитинг екперти кои ги подготвуваат студентите да одговорат на предизвиците на современиот свет.
7. Голема понуда на предмети кои овозможуваат теоретско, техничко и применето знаење.
8. Најсовремена компјутерска опрема и Wireless интернет низ целиот кампус.
9. Богат библиотечен фонд со печатени и електронски извори (книги, видео материјали, професионални списанија, весници).
10. Високо интерактивна средина на учење што промовира критичко мислење, аналитички, комуникативни и лидерски способности во сите студиски програми.
11. Развиен менторски систем и кадар кој секогаш им стои на располагање на студентите.
12. Можности за пракса во домашни и меѓународни фирми, владини и меѓународни организации.
13. Центар за советување за професионален развој на студентите.
14. Единствен еколошки кампус во Македонија.
15. Организиран бесплатен превоз на студентите.

### *III. Услови за запишување*

1. Приемот на студиските програми е компетитивен.
2. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, или образование соодветно на тоа, во Република Македонија или во странство.
3. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти.
4. Основен критериум за запишување е успехот постигнат во средното образование.
5. Дополнителен критериум за кандидатите кои сакаат да следат настава на англиски јазик е познавањето на англискиот јазик (ТОЕФЛ 525), освен за кандидатите чиј мајчин јазик е англискиот или кои најмалку една учебна година од средното образование учеле на англиски јазик.
6. Универзитетот организира бесплатно полагање на тест по англиски јазик (ТОЕФЛ) секоја вторник и петок во 14.00 часот во просториите на Универзитетот, по претходно закажан термин.
7. Интервју за прием со претставник на Универзитетот
8. Трансферот на студенти од други домашни и странски универзитети се врши врз основа на доставено уверение за положени испити и предметна програма за истите.

### *IV. Документи за пријавување и запишување*

1. Пополнет формулар за пријавување (достапен и на интернет страницата на Њујорк Универзитетот Скопје www.nyus.edu.mk)
2. Писмо за мотивација
3. Две писма со препораки од наставниците, советниците или административните работници од средното образование
4. Заверена копија од дипломата за завршено средно образование
5. Заверена копија од свидетелствата од средното образование
6. Потврда за познавање на англискиот јазик за студентите кои аплицираат за студиските програми на кои наставата се одржува на англиски јазик (резултат 525 поени писмен или 197 електронски ТОЕФЛ, или друг еквивалентен испит).
7. Копија од лична исправа (лична карта или пасош)
8. Шест фотографии со димензии за пасош

### *V. Рокови за пријавување и адреса*

***Прв уписен рок***

Крајниот рок за пријавување на кандидатите е **10.07.2007 г.** Одлуката за примените кандидати ќе биде објавена најдоцна до **12.07.2007 г.**

***Втор уписен рок***

Вториот уписен рок е: **14.07-30.07.2007 г.** Одлуката за примените кандидати ќе биде објавена најдоцна до **31.07.2007 г.**

***Трет уписен рок***

Третиот уписен рок е: **01.08-05.10.2007 г.** Одлуката за примените кандидати ќе биде објавена најдоцна до **06.10.2007 г.**

(Бројот на примени кандидати во вториот и третиот уписен рок ќе зависи од пополнетиот број на студенти во претходните уписни рокови).

Конкурсот е постојано отворен за кандидатите кои го завршуваат средното образование во странство и за оние кои матурираат на програмата за Меѓународна матура, заради различните рокови на завршување на средното образование.

**Њујорк Универзитетот Скопје промовира еднакви можности за образование за сите!**

**Заинтересираните кандидати можат да контактираат со одделението за уписи на следната адреса:**
**Одделение за упис, Њујорк Универзитет Скопје, Сарај бб, 1000 Скопје, Тел: + 389 2 20 34 600, admissions@nyus.edu.mk**
**и/или да ја посетат веб-страницата www.nyus.edu.mk за повеќе информации и за добивање на пријава за упис.**